# Програма на економски реформи (ПЕР) – основни информации

## ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ПЕР?

Програмите на економски реформи (ПЕР) се сметаат за носечки столб на економската политика на една земја – **тоа значи ВАЖНОСТ**

Во пракса, станува збор за документи поголеми од 200 страници во кои се содржани 7 поглавја и 2 анекси, како и повеќе од 40 табели – **тоа значи КОМПЛЕКСНОСТ**

Во изготвувањето на ПЕР учествуваат повеќе од 100 луѓе, а во процесот се исто така вклучени и голем број на заинтересирани страни – **тоа значи ИНКЛУЗИВНОСТ**

ПЕР покажуваат на кој начин да се одржи макро-фискалната стабилност и да се спроведат структурни реформи со цел решавање на идентификуваните слабости во економијата и зголемувањето на отпорноста на општеството.

ПЕР претставуваат највисоко ниво на ангажман на ЕУ со земјите од Западен Балкан и Турција во однос на општествено-економските прашања и тие ја сочинуваат основата за дијалогот во врска со економската политика. Спроведувањето на реформите кои се идентификувани во ПЕР и на насоките за политиките кои се заеднички усвоени со земјите-членки на ЕУ е од клучна важност за подобрување на конкурентноста, отворање на работни места и олеснување на социјалната вклученост, како и за исполнување на економските критериуми во процесот на пристапување. Секоја година овие критериуми внимателно се разгледуваат во согласност со методологијата за проширување. Со цел да се постигне конкретен напредок во овие реформи, ПЕР треба да бидат суштински елемент во планирањето на домашните политики.

## ПОГЛАВЈА НА ПЕР

| | |
|---|---|
| **1. ОПШТА РАМКА НА ПОЛИТИКИ И ЦЕЛИ** | Краток опис на клучните економски предизвици на земјата и приоритетите на политиките. |
| **2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАСОКИТЕ ЗА ПОЛИТИКИТЕ** | Преглед на преземените или планираните мерки за спроведување на насоките за политиките кои беа усвоени во рамките на Економскиот и финансискиот дијалог. |
| **3. МАКРОЕКОНОМСКА РАМКА** | Анализа и проекции на економските движења. |
| **4. ФИСКАЛНА РАМКА** | Цели и клучни мерки на фискалната политика заедно со буџетската рамка за тековната и за следните две години. |
| **5. СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ** | Најмногу шест структурни реформи кои се однесуваат на клучните предизвици и пречки за конкурентност и инклузивен раст. |
| **6. ТРОШОЦИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ** | Резиме на трошоците и изворите на финансирање на структурните реформи од Поглавјето 5. |
| **7. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАШАЊА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ** | Објаснување на институционалниот процес за подготовка и одобрување на ПЕР, како и консултација со јавноста. |

Поглавјата 3, 4 и 5 треба да бидат конзистентни со мерките за спроведување на насоките за политиките и треба да се однесуваат на нив и на очекуваното влијание од нив.

CEF
Connect. Learn. Act.

Funded by the European Union
Implemented by the CEF

# ОПШТА РАМКА НА ПОЛИТИКИ И ЦЕЛИ И НАСОКИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

## ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ И РОКОВИ

**Работна група за ПЕР:**

- Координатор на ПЕР
- координатори на ниво на министерства, поглавја или реформски области
- врска со националниот ИПА координатор

**Други заинтересирани страни:**

- деловна заедница, социјални партнери и граѓанско општество, Собранието на државата и регионалните и локални власти

Почеток на јавните консултации: **ноември**

Поднесување на ПЕР: **15 јануари**




Поглавјето 5 е најважниот дел од ПЕР. Тоа треба да ги анализира пречките и да идентификува шест структурни реформи во следниве области:

1. Конкурентност
2. Одржливост и отпорност
3. Човечки капитал и социјални политики

Идентификувањето на пречките и приоритизирањето на реформите бара силна политичка посветеност на ПЕР на највисоко ниво.

Реформите мора да ги следат насоките за политиките кои се заеднички договорени со ЕУ и да одговорат на клучните прашања нагласени во Извештајот за напредокот во однос на исполнувањето на економските критериуми за членство во ЕУ.

# ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ ЗА ОНИЕ КОИ ГИ ПОДГОТВУВААТ МЕРКИТЕ ЗА ПЕР

## БАРАЊА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МЕРКА

Водичот за ПЕР бара претставувањето на мерката да вклучува:

- анализа на постојната состојба, на предизвиците и на пречките кои се релевантни за мерката
- опис на целите на мерката и на планираните активности
- индикатори за резултатите и очекуваното влијание на мерката
- проценети трошоци за спроведување и расположливи финансиски ресурси
- идентификација на ризиците при имплементацијата и начини за нивно решавање
- поврзување на мерката со други стратешки определби

Сите овие елементи ќе треба да бидат подготвени во посебен образец кој ќе биде обезбеден од координаторот за ПЕР.

## НОВО НАДГРАДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНА МЕРКА ИЛИ ВОВЕДУВАЊЕ НОВА МЕРКА?

Повеќето мерки се продолжение од оние содржани во последниот ПЕР. Ова е сосема разбирливо, бидејќи периодот на нивна имплементација е обично три години. Меѓутоа, мерката што била спроведена или која веќе станала редовна активност на министерството, треба да се замени со нова. Неопходно да се определи конкретен рок за спроведување на мерките, а мора да бидат достапни и ресурсите кои се потребни за нивно спроведување.

Одлуката за тоа дали да се надгради постоечка мерка или да се воведе нова мерка треба да се донесе заедно со ПЕР координаторот, бидејќи тој/таа најдобро ја знае логиката и приоритетите на целиот ПЕР. Препорачливо е да се консултирате со носителите на одлуки во вашето министерство, бидејќи тие можеби ќе сакаат да воведат нови приоритети во ПЕР.

## ЧЕКОРИ ЗА НАДГРАДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКА МЕРКА

### ЧЕКОР 1
### УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИОТ СТАТУС НА МЕРКАТА

Пополнете ја табелата 11 од анексот на ПЕР за да го констатирате напредокот во спроведувањето на мерката.

Користете ги податоците и вашето знаење за да ја ажурирате анализата на вашата реформска област и да ги утврдите најновите вредности на индикаторите за резултатите од мерката. Ова ќе ви даде информации во врска со промените кои се веќе направени и за предизвиците што допрва треба да се решат.

### ЧЕКОР 2
### РАЗМИСЛЕТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПОДОБРИ

Разгледајте ги забелешките дадени од Европската комисија (ЕК) во однос на вашата мерка и реформска област, содржани во нивната оценка на последниот ПЕР. Проверете ги насоките за политиките кои се произлезени од последниот преглед на ПЕР за да видите дали се однесуваат на вашата мерка. Консултирајте се со ПЕР координаторот за тоа што треба да се подобри за да се одговори на забелешките од ЕК, насоките за политиките и барањата од Водичот за подготовка за ПЕР.

Ако имплементацијата на мерката е слаба, разговарајте со луѓето кои се задолжени за активностите во врска со чекорите што сите вие би можеле да ги преземете за да се подобри ситуацијата. Доколку мерката не ги дава очекуваните резултати, размислете за ревидирање на активностите на мерката, на пример подобро таргетирање и нејзино осмислување, проширување на опсегот или зголемување на ресурсите наменети за мерката.

### ЧЕКОР 3
### НАДГРАДБА (ИЛИ ПОВТОРНО ОСМИСЛУВАЊЕ) НА МЕРКАТА

Можете да го користите постоечкиот текст од последниот ПЕР, но бидете внимателни во однос на потребата да се направат следниве подобрувања:

- прилагодете ја мерката за да ги одразува забелешките и насоките дадени од ЕК и од ПЕР координаторот
- во случај на слаба имплементација, објаснете ги причините и чекорите кои се преземени за нивно решавање
- не додавајте по автоматизам активности за следната година; ова е оправдано само кога имплементацијата е одложена или кога е потребно повеќе време за постигнување на целите
- ажурирајте ги проценетите трошоци и финансиските извори, како и вредностите на индикаторите за резултатите
- консултирајте се со упатствата дадени подолу во врска со подготовката на различните елементи на мерката и направете подобрувања доколку е потребно

# ЧЕКОРИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НОВА МЕРКА

НОВО

## ЧЕКОР 1
### ОПРАВДАЈТЕ ЈА ПОТРЕБАТА И ДЕФИНИРАЈТЕ ЈА МЕРКАТА

Пред да ја подготвите, консултирајте се со носителите на одлуки во вашето министерство и со ПЕР координаторот во врска со содржината на новата мерка. Во овој процес, јасно дефинирајте ги прашањата на кои ќе се однесува мерката, кои се нејзините цели, активностите што ќе се преземат и очекуваните резултати во однос на подобрување на постојната состојба.

Кога предлагате воведување на нова мерка за ПЕР, потребно е да образложите зошто е таа приоритетна - на пример, ја проверувате мерката во однос на критериумите за приоритизација предложени од ОЕЦД. Имајте предвид дека реформската мерка мора да доведе до суштински промени во сегашните практики и политики. Неопходно е исто така и постоење на доволно човечки и финансиски ресурси за имплементација, а мерката мора да биде и доволно силна за да доведе до конкретни подобрувања на сегашната ситуација.

## ЧЕКОР 2
### АНАЛИЗИРАЈТЕ ЈА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

Користете ги податоците и вашето знаење за да подготвите анализа на вашата реформска област, со цел да ја оправдате потребата од новата мерка. Избегнувајте да давате премногу детали и податоци и, наместо тоа, фокусирајте се на главните прашања и на она што треба да се подобри. Објаснете ги причините зошто постојната состојба не е задоволителна. Овие причини се нарекуваат „пречки“ и тие се, всушност, предизвиците што мерката треба да ги реши.

## ЧЕКОР 3
### ОПИШЕТЕ ЈА МЕРКАТА И НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ

Описот на мерката треба да ги содржи нејзините цели и да ја поврзе со предизвиците кои со неа треба да се решат. Сето ова треба да му овозможи на читателот да добие јасна претстава за тоа што ќе се направи и зошто. Доколку мерката е дел од поширока секторска реформа или е поврзана со други мерки, тоа исто така треба да се објасни.

Понатаму, треба да се планираат активности за тековната и за следните две години. Избегнувајте повторување на истите активности за сите три години – активностите треба да следат една по друга и да имаат логичен редослед на имплементација. Бројот на активности не треба да надминува 7 (но, може да биде и помал). Описите на активностите треба да бидат кратки и во нив треба јасно да се наведени обемот на активноста, планираните резултати и одговорната институција.

## ЧЕКОР 4
### ИЗБЕРЕТЕ ИНДИКАТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ И ОБЈАСНЕТЕ ГО ОЧЕКУВАНОТО ВЛИЈАНИЕ

Потребно е да развиете логично објаснување за тоа како вашата мерка ќе ја подобри постојната ситуација. Врз основа на оваа „интервентна логика“, изгответе го објаснувањето за тоа какво очекувано влијание би имала мерката врз економијата и вработеноста. Обидете се да го измерите влијанието со податоци (на пр. БДП, извоз). Ова е клучно за да се покаже зошто мерката е приоритетна.

Индикаторите за резултати треба да бидат поврзани со целите или очекуваното влијание на мерката, а не со спроведувањето на поединечни активности. Целните вредности за индикаторите треба реално да ги одразуваат очекуваните подобрувања на постојната состојба. За мерките на кои им треба повеќе време за да ги дадат сите очекувани резултати и да го остварат посакуваното влијание, целната година за индикаторите може да биде и надвор од тригодишниот период на ПЕР.

## ЧЕКОР 5
### ПРОЦЕНЕТЕ ГИ ТРОШОЦИТЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И РАСПОЛОЖЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИИ

Со цел да ја проверите остварливоста на мерката, неопходно е да ги процените трошоците за спроведување на секоја активност на мерката. Потребно е да се проценат само дополнителните трошоци – во пракса, тоа значи дека не треба да се земат предвид платите за постоечкиот персонал и индиректните трошоци.

Трошоците треба да се споредат со средствата кои се обезбедени за мерката во среднорочниот буџет и средствата обезбедени од надворешни извори на финансирање како што е ИПА. Достапноста на ресурсите треба да ја потврдат Министерството за финансии и координаторот на ИПА. Мерките каде што расположливите ресурси не ги покриваат сите трошоци може да се вклучат во ПЕР само во исклучителни случаи и во договор со ПЕР координаторот.

## ЧЕКОР 6
### ЗЕМЕТЕ ГИ ПРЕДВИД РИЗИЦИТЕ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА

Ризиците при имплементацијата се најчесто поврзани со недоволен капацитет за спроведување, неуспеси во координацијата, недостаток на политичка поддршка од носителите на одлуки, недостаток на соработка од клучните засегнати страни, неочекувани зголемувања на трошоците или недоволно финансирање. Потребно е да ги идентификувате најважните ризици и да објасните кои чекори ќе ги преземете за справување со нив.

## ЧЕКОР 7
### ФИНАЛИЗИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГ МЕРКАТА

За конечната верзија на ПЕР, потребно е да ја подобрите вашата предлог мерка земајќи ги предвид забелешките добиени од ПЕР координаторот и од заинтересираните страни, забелешките од ЕК дадени за време на нивната есенска мисија, како и оние дадени од експертите на ЦЕФ и ТАИЕКС.

## ПОМОШНИ РЕСУРСИ

| | |
|---|---|
| Проценка на влијанието | Прирачник за проценка на економското влијание на структурните реформи во ПЕР (ЦЕФ) |
| Приоритизација на мерките | Алатка за приоритизација на ПЕР (ОЕЦД) |
| Анализа на ситуацијата | Дијагностичка алатка за ПЕР (ОЕЦД) |
| Опис на мерката | Совети за тоа како да се напише добар опис на структурна реформа (ЦЕФ) |
| Индикатори за резултати | Прирачник за избор на клучни индикатори за учинок и следење на резултатите од структурните реформи во ПЕР (ЦЕФ) |
| Трошоци и финансирање | Методолошки водич за пресметка на трошоците на структурните реформи (ЦЕФ) |